ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-227/8

Дата: 27.12.2013

## ДО
## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ-БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

## КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

### Резиме

Извршивме ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии - Биро за јавни набавки (во натамошниот текст Биро), сметка на основниот буџет (631) за 2012 година.

Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи, заедно со ревизија на усогласеност на Бирото за годините кои претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

Изразивме позитивно мислење во врска со реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

*Ревизорски тим* ______________________ ______________________

*Овластен државен ревизор* ______________________

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи прикажани на страна 6 - 8 заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за финансии - Биро за јавни набавки, сметка на основниот буџет (631) за 2012 година, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2012 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Бирото за годините кои претходат на годината која е предмет на ревизијата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- д-р Маре Богева Мицовска, директор од 07.09.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Бирото/сметка на основниот буџет (631) за 2012 година се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се во примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансискиот извештај е ослободен од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансискиот извештај. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансискиот извештај без разлика дали е резултат на измами или грешки.

2.4. При процена на ризиците ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовка и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените

сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

2.5. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 03.09.2013 до 10.10.2013 година кај Бирото, сметка на основниот буџет (631) за 2012 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот, предмет на ревизија на ден 05.11.2013 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот за кој е вршена ревизија, не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

### Вкупни ефекти од наодите

Ревизијата не утврди материјални ефекти на финансиските извештаи.

## 4. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, финансиските извештаи ги претставуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерство за финансии - Биро за јавни набавки на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерство за финансии - Биро за јавни набавки, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 5. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

5.1. Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2012 година, кои субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2012 година, коишто како ефекти од корекциите ја зголемуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2012 година за 7.067 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење од 09.10.2013 година, а се однесуваат на:

- софтвер за интегриран (електронски) систем за јавни набавки како нематеријално средство со вкупна сегашна вредност од 6.473 илјади денари, на поодделните сметки од Билансот на состојба,
- претплати/однапред наплатени средства од комитенти како побарувачки салда на одделните сметки за побарувања, наместо на сметките за примени аванси, депозити и кауции.

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година

**во 000 денари**

| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 29.692 | 6.222 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 3.854 | 5.472 |
| **Вкупно приходи** | | **33.546** | **11.694** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Стоки и услуги | 3.3.1. | 7.963 | 4.661 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **7.963** | **4.661** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3.2. | 1.213 | 3.180 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **1.213** | **3.180** |
| **Вкупно расходи** | | **9.176** | **7.841** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **24.370** | **3.853** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | | **24.370** | **3.853** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2012 | 2011 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 24.370 | 3.854 |
| Побарувања | 4.1.2. | 3.174 | 862 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.3. | 0 | 27 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 1.849 | 304 |
| **Вкупно тековни средства** | | **29.393** | **5.047** |
| **Постојани средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.2.1. | 6.543 | 83 |
| Материјални средства | 4.2.1. | 3.728 | 4.148 |
| **Вкупно постојани средства** | | **10.271** | **4.231** |
| **Вкупна актива** | | **39.664** | **9.278** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 266 | 299 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.3.2. | 297 | 0 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 12 | 0 |
| Обврски спрема државата и други институции | 4.3.4. | 1.273 | 5 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.5. | 1 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.6. | 27.544 | 4.743 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **29.393** | **5.047** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 10.271 | 4.231 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **10.271** | **4.231** |
| **Вкупна пасива** | | **39.664** | **9.278** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| О П И С | Државен јавен капитал | Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност) | Вкупно |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2012 година** | **4.231** | - | **4.231** |
| **Зголемување по основ на:** | **6.988** | **8** | **6.996** |
| Набавки | 336 | 8 | **344** |
| Спроведени корекции во текот на ревизијата | 6.473 | - | **6.473** |
| Ревалоризација на капитални средства | 179 | - | **179** |
| **Намалување по основ на:** | **948** | **8** | **956** |
| Отпис на капитални средства/даден ситен инвентар во употреба | - | 8 | **8** |
| Амортизација | 948 | - | **948** |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **10.271** | - | **10.271** |